РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-186/8
02-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапувајќи по предметот со број 12-4197/1 од 31.08.2023 година ДКСК утврди состојби кои упатуваат на свесно изигрување на Законот за финансирање на политичките партии и уплати на донации од страна на правното лице /// и /// во корист на политичката партија ///.

Да се достават иницијативи до:

- Управа за јавни приходи на РСМ за надлежно постапување и проверка на даночните биланси на ///, ///, и други со нив капитално поврзани правни лица и нивните консолидирани годишни сметки поради трансфер на средства како позајмици од една на друга сметка и нивна уплата како донации на политичката партија ///;
- Управа за финансиска полиција на РСМ за надлежно постапување и испитување на текот на парите од горе наведените економски оператори по основ на добиените тендери од државните институции.

Се препорачува на Министерство за финансии на РСМ да пристапи кон донесување нов Закон за финансирање на политичките партии поради бројните утврдени слабости и недоречености како во овој, така и во Изборниот законик, а кои овозможуваат нелегитимирани, непотврдени и незаконски извори за финансирање и создавање на клиентелистички релации меѓу политичките партии и државните институции.

Се препорачува на Министерство за надворешни работи на РСМ и на СЦ Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, во писмена форма да извршат валоризирација на извршената реконструкција и вградената опрема во СЦ Борис Трајковски, со цел зголемување на сметководствената вредноста на објектот.

Постапувањето по предметот со број 12-4197/1 од 31.08.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 12-3684 од 2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-4197/1 од 31.08.2023 година е оформен по сопствена иницијатива од страна на ДКСК, а во врска со јавно изнесени сомневања за незаконски спроведена јавна набавка за внатрешна адаптација и надворешно уредување на СЦ Борис

Трајковски Скопје од страна на Министерство за надворешни работи на РСМ, а во функција на одржување на конференцијата на министерскиот совет на ОБСЕ во РСМ, од причина што договорот е доделен на ///, донатор на политичката партија ///. Според јавно изнесените наводи постои клиентелистички однос меѓу функционерите од ///, во овој случај /// – министер од редовите на политичката партија /// (во понатамошниот текст: ///) и фирмата ///.

По оформувањето на овој предмет, од страна на познат подносител, до ДКСК е доставена друга пријава со дополнителна документација заведена под број 12-4541/1 од 20.09.2023 година и со службена белешка извршено е спојување на предметите и е постапувано по еден предмет со единствен бр. 12-4197/1 од 31.08.2023 година.

Со цел испитување на изнесените наводи, ДКСК побара и обезбеди податоци, информации и документација од Министерство за надворешни работи на РСМ, од Бирото за јавни набавки на РСМ, Централен регистар на РСМ, информации и документација од деловните банки на ///, побара произнесување по предметните наводи од страна на /// и од деловната банка на ///. Дополнителни податоци, ДКСК обезбеди преку дистрибутивниот систем на Централен регистар на РСМ и ги изведе на увид финансиските извештаи на политичката партија /// доставени до Државниот завод за ревизија на РСМ. Ангажиран е надворешен експерт за да изврши експертиза на спроведената јавна набавка од страна на Министерство за надворешни работи на РСМ. За дополнително објаснување на состојбите, одржан е состанок со претставници на Министерство за надворешни работи на РСМ вклучени во спроведената јавна набавка одржан на ден 10.01.2024 година во просториите на ДКСК.

По извршената анализа на сите обезбедени докази, ДКСК ги утврди следниве состојби:

Во поглед на сомнежите за незаконски спроведување на јавната набавка за реконструкција на СЦ Борис Трајковски Скопје, ДКСК оцени дека истите не се потврдуваат. Имено, станува збор за спроведена јавна набавка во согласност со стандардите за безбедност на ОБСЕ. Имено, до Министерство за надворешни работи на РСМ доставени се сет од упатства меѓу кои и „Логистички и административни аспекти поврзани со состаноците на Советот на министри" кој се однесува на информации за транспортот, хотелот, обезбедувањето, моторизираната колона, регистрацијата и медиумските прашања, работните простории, салите за состаноци, знамињата, уредувањето на просториите, техничките побарувања, спецификациите, нацртите, роковите, итн. Овој документ содржи дадени скици со потребен број простории и големина, потребен мебел, изглед на просториите, ходници, прес сали и друго. Врз основа на овие неколку документи спроведена е јавна набавка за избор на економски оператор за изработка на проект – решение. Направен е потребниот проект и согласно утврдените предмер-пресметки, изработена е техничката спецификација и тендерска документација за спроведување на предметната јавната набавка за „Внатрешна адаптација и надворешно уредување на СЦ Борис Трајковски Скопје" од страна на Министерство за надворешни работи на РСМ. Од критериумите во тендерската

документација за утврдување на способност на економските оператори се констатира дека истите се општи и прифатливи за поголем број правни лица. Впрочем, на огласот понуди доставиле четири фирми, а по доставена жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки на РСМ, истата донела Решение бр. /// од /// година, за одбивање на жалбата поради неоснованост. Државната комисија за жалби по јавни набавки на РСМ, нашла дека договорниот орган, во конкретниот случај Министерство за надворешни работи на РСМ, уредно ја спровел постапката, извршил правилна евалуација на понудите и донел правилна одлука.

Според тендерската документација и техничката спецификација, но и од доставените Времени ситуации и Завршна ситуација за извршената внатрешна адаптација и надворешно уредување на СЦ Борис Трајковски Скопје од страна на Министерство за надворешни работи на РСМ, произлезе дека дел од опремата треба да биде вратена на ///, а дел останува (реновирани санитарни јазли, противпожарни системи и апарати) во сопственост СЦ Борис Трајковски. За таа цел ДКСК препорачува претставници од Министерство за надворешни работи и СЦ Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, во писмена форма да извршат процена на извршената реконструкција и вградената опрема во СЦ Борис Трајковски, со цел зголемување на сметководствената вредноста на објектот.

Наводите дека економскиот оператор /// е донатор на политичката партија /// се потврдуваат. Во своето произнесување до ДКСК, /// наведе дека донатор на политичката партија /// е субјектот ///, фирма – ///. Овие трговски субјекти се ///.

Со увидот во трансакциските сметки на /// се потврди дека донатор на /// е овој трговски субјект, а не /// со која е склучен договорот за внатрешна адаптација и надворешно уредување на СЦ Борис Трајковски. **Меѓутоа, со увидот во трансакциските сметки на двете фирми и следејќи го текот на партите, неспорно произлезе дека донацијата на политичката партија /// за /// година, потекнува од ///, а на нејзина сметка се префрлени од сметката на ///, која со години station наназад ///.** Од увидот во трансакциските сметки, ДКСК утврди дека на ваков начин се врши пренос на средствата и од друга фирма основана од /// која исто така добива буџетски средства.

По реакции на јавноста за добиена донација во износ над законски утврдениот износ, на /// година партија /// вратила на /// дел од донацијата.

ДКСК истакнува дека ваквата практика на финансирање на политичката партија /// *, за што ///, но не навлегуваше во нивно подетално испитување.

Од вака утврдените состојби ДКСК одлучи обезбедените докази за незаконитости при финансирањето на политичката партија /// да ги достави на натамошно постапување на Управата за јавни приходи на РСМ во поглед на можните даночни импликации врз /// и Управата за финансиска полиција на РСМ за понатамошно испитување на текот на парите.

ДКСК цени дека е потребно Министерство за финансии на РСМ да пристапи кон донесување нов Закон за финансирање на политичките партии поради бројните утврдени слабости, а на Министерство за надворешни работи на РСМ и на СЦ Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје да им укаже за валоризација на вградената опремата СЦ Борис Трајковски од траен карактер, со цел евидентирање во сметководството на СЦ Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Доставено до:
- Подносителот
- Управа за јавни приходи на РСМ
- Управа за финансиска полиција на РСМ
- Министерство за финансии на РСМ
- Министерство за надворешни работи на РСМ
- СЦ Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје